# FOREVER

MACEDONIA

Јуни 2014 | Број 152

# 2014 GLOBAL RALLY LONDON


















Smile






# Forever Pomesteen Power

Ништо не е поважно за нас во Форевер Ливинг од тоа да се грижиме за вашето здравје и убавина. Нашите истражувачки лаборатории ги одбираат најдобрите, природни и најефикасни состојки, селектирани со особено внимание кон природната средина. Нашите производи не се тестирани на животни.

## Forever Pomesteen Power

Нашиот секојдневен работен режим, фитнес активности, семејни и други активности како и динамиката која нѝ ја наметнува денешното темпо на живеење се причините кои влијаат на нашето здравје и тело. Понекогаш е мошне тешко за нас да најдеме доволно време и да подготвиме доволна количина свежо овошје и зеленчук кои ни се потребни како дневна доза за нашето тело и поради тоа многу често ги изоставуваме тие оброци.

Со тек на време ова ќе се одрази на нашиот имунолошки систем и може да предизвика оштетување на нашите клетки, бидејќи ние не внесуваме доволно антиоксиданси од овошјето и зеленчукот. „До денес, околу шеесетина болести се поврзуваат со оштетувањата предизвикани од слободните радикали и секоја човечка клетка добива најмалку 10 000 оштетувачки удари од слободните радикали во текот на еден ден." Тоа е според д-р. Брус, кој ги истражувал причините за ракот. „Значи со внесување на антиоксидансите, ние го зајакнуваме нашиот имунитет кој дејствува како чистач на слободните радикали." Професор Chandra, WHO, Nutritional Immunology.



## Како може Forever Pomesteen Power да помогне?

Forever Pomesteen Power е антиоксидантно решение за лошите навики во исхраната и несоодветната исхрана. Овој моќен антиоксидантен додаток во исхраната се бори со слободните радикали со две од најмоќните овошја: КАЛИНКА и МАНГОСТАН. Овие два плода имаат хранлива моќ, преполни со високи концентрации на ксантони и други антиоксиданси. Ксантоните се моќни фитонутриенти кои ги онеспособуваат слободните радикали и му помагаат на вашиот имунолошки систем да остане силен и здрав.

Оваа неверојатна овошна комбинација содржи и сокови од круша, малина, боровинка и капина, а овошниот микс го заокружуваме со додатокот од семе од грозје со што добиваме една комплетна антиоксидантна формула.

Само 30-60 мл дневно им обезбедуваат на вашите клетки сè што им е потребно за да се борат против слободните радикали и штетата која тие може да ја предизвикаат. Консумирајте го во чиста форма или комбинирајте го со Алое Вера Гел. За деца можете да го користите како додаток во водата. Неговиот егзотичен овошен вкус го обожаваат и возрасните и децата.

10 начини како да го консумирате **Forever Pomesteen Power**

- Вообичаено користење-има вкус на многу моќен овошен коктел
- Разредете го со вода и направете вкусен микс за деца
- Додадете го во вашата дневна доза Алое Вера Гел- тоа му дава еден прекрасен овошен вкус, за оние кои не можат да го пијат чистиот гел.
- Додадете го во шампањ- со тоа ќе добиете здрав Kir Royale
- Додадете во обичен јогурт-се добива вкусен овошен десерт за деца и возрасни
- Пробајте го со пудинг или некој друг крем
- Додадете го во некој коктел-додадете плус кора од лимон и добивата чаша полна со здравје
- По фитнес вежби како супер антиоксидантен тоник
- Направете замрзнати лижавчиња за мали и големи деца!
- Замрзнете го и направете коцки мраз




Претседател и главен генерален директор на ФЛП

Има милион нешта кои би сакал да ви ги кажам по Глобалното рели во Лондон. Но, вие ме оставивте без зборови. Единствено можам да ви кажам...

# Ви благодарам!

Им се заблагодарувам на сите наши дистрибутери и квалификувани кои дојдоа во Лондон; им благодарам на нашите добавувачи, партнери, вработени и продуцентската екипа – без секој еден од вас, Глобалното рели немаше да биде можно. Накратко кажано – ви благодарам за сè што направивте и се жртвувавте за заедно да создадеме историја! Со нетрпение очекувам да се видиме догодина во Сингапур!

Засекогаш Ваш,
**Rex Maughan**



## Најголемите предности на Форевер

Драги пријатели,
ФОРЕВЕР е компанија која постојано нè изненадува со непрекинатиот стремеж кон совршенство. Колку и да се уникатни производите кои ги предлага, колку и да е дарежлив и достапен маркетинг планот, секоја година Форевер Ливинг Продактс ни претставува сè посовремени и посовршени решенија за нашето здравје,виталност и финансиска стабилност. И тоа не е случајно. Филозофијата и долгорочната визија на ФЛП се насочени кон три едноставни на прв поглед, но исклучително важни цели, кон кои води секое нешто создадено од компанијата. Така таа е не само една многу добра компанија, туку се вбројува и помеѓу најдобрите во мрежната индустрија.

Форевер го става интересот на своите дистрибутери на прво место и не само што се стреми, туку и ја спроведува во пракса желбата да биде компанија која исплаќа НАЈВИСОКИ БОНУСИ во индустријата.

Друг стремеж на Форевер е да создаде навика кај своите дистрибутери и клиенти да се вклучат во бизнисот со ПАКЕТИ од производи. Овој економичен лост за создавање на активни и профитабилни мрежи од дистрибутери и потрошувачи не е вреден сам по себе, туку е резултат од долгогодишните напори на компанијата да предлага не само многу одделни производи, туку целосни решенија за грижа за секојдневното здравје, виталност, надворешен изглед и добро расположение. Пакетот Vital 5 е само еден од примерите за подготвено решение за корисниците, совршена комбинација од производи за секојдневен тонус и заштита. Познавате и ќе се запознаете со уште многу такви.

Третата точка на ротација во филозофијата на компанијата е стремежот да им обезбеди на сите посветени дистрибутери на компанијата ПОБОГАТ ЖИВОТ. Учеството во програмата Менаџер „Орел" е гаранција за добри доходи и неверојатни доживувања. Оваа година крај езерото Тахо во Калифорнија и на ранчот Саутфорк во Далас, а догодина во егзотичниот ресорт Канкун во Мексико!

Со висококвалитетни и докажани производи за секојдневна употреба, и употреба во пазар со постојан раст, Форевер ви ги обезбедува основата, познавањата и поддршката кои ви се потребни за градење на свој сопствен бизнис кој може да го промени вашиот живот. А успехот не е задолжително да биде сложен и неразбирлив процес. Донесете одлука, посветете се и започнете работа со СЕКОЈДНЕВНИ едноставни активности – споделувајте ги производите и бизнис можностите со СИТЕ околу вас и градете ја основата на доходовен и перспективен бизнис со најдобрата компанија во браншата – Форевер Ливинг Продактс!

Сигурни сме дека ќе го направите тоа, за да бидеме заедно догодина во Канкун, во Сингапур или било кое катче на земјината топка, за кое мечтаеме!

Засекогаш Ваши и... насмевнати ☺,
Стефан и Тања Стаеви





# Летни задоволства

## Зошто имате потреба од производи за заштита од сонце?

Идејата за заштита на телото од соцето не е нова. Всушност уште древните египјани, елини и индијанци ја потпомагале природната способност на телото да се заштитува од сонцето, со тоа што се мачкале со глина и разни мелеми. Денес таа концепција е уште поважна, бидејќи многумина поминуваат по цела седмица под сенка и во затворени простории, а на сонце се изложуваат само ден-два за време на викенд.

Секој има потреба од заштитни производи од сонце, кои ќе ја заштитат кожата од штетните ултравиолетови сончеви зраци. Користењето на такви производи ја намалува веројатноста од изгореници и може да ја спречи појавата на рак на кожата. Сончевите зраци исто така ја сушат кожата и предизвикуваат нејзино предвремено стареење и појава на брчки.

Во моментот кога излегувате на отворено во текот на денот вие сте изложени на влијанието од UVA и UVB зраците. Не се залажувајте дека облачното време ве штити. Всушност најбројни и најтешки се сончевите изгореници кои се добиваат при облачно или ветровито време. Често во такви денови не ви паѓа на памет дека имате потреба од заштита и без да почувствувате ќе се здобиете со тешки изгореници. Особено подложни се луѓето со многу бенки и пеги и тие што имаат светла кожа која брзо се зацрвенува. Највнимателни треба да бидете кон децата кои неможете постојано да ги чувате покрај себе под сенка и секогаш во летниот период треба да бидат заштитени со производ кој содржи висок заштитен фактор од сонце –дури и кога небото не е ведро.

Изгорениците предизвикани од сонце се многу болни и тоа е само една од причините зошто треба да се заштитите од нив. Другата причина е тоа дека тие го удвојуваат ризикот од појава на рак на кожата. Затоа напоменуваме дека е задолжително да го избегнувате излегувањето на сонце кога тоа е најсилно и да се придржувате кон следните совети.

- Бидете под сенка во период од 11:00 и 15:00 ч.
- Трудете сè да не изгорите.
- Носете шапка, сончеви очила и облека од природни материјали.
- Користете ги фантастичните заштитни производи од сонце на Форевер.
- Не заборавајте дека дека заштитата на децата е ваш ангажман.
- Запомнете дека можете да изгорите додека пливате, а ризикот е уште поголем кога сонцето се рефлектира од снег или песок

Ултравиолетовиот спектар во сончевата радијација го оштетува клеточното ДНК на кожата. Тоа може да се случи години пред да












# под жешките зраци

се развие рак на кожата. Во зраците на сонцето има три видови на ултравиолетова светлина:

- UVA е најобилно присутно во зраците кои стигаат до нас и предизвикуваат предвремено стареење.
- UVB води до изгореници и предизвикува рак на кожата.
- UVC во голем степен се филтрира од земјината атмосфера.

## ЗОШТО
## ФОРЕВЕР АЛОЕ ПРОИЗВОДИ ЗА ЗАШТИТА ОД СОНЦЕ?

Лосион за заштита од сонце со Алое Вера (код: 199) и спреј (код: 319) на ФЛП имаат фактор 30, што теоретски значи дека сте 30 пати подолго заштитени од изгореници. Доколку вашата кожа гори по 15 минути престој на сонце, заштитени со производите на ФЛП ќе можете да поминете 7,5 часа уживајќи во летните забави, спортување или излежување на плажа (со пријатен одмор околу пладне).

Ако се капете во море или во базен многу е важно производот кој го користите за заштита од опекотини да е водоотпорен. Кремот на Форевер ви нуди 40 минути заштита за време на капење во вода, а за малите и поголемите „жаби“, кои долго време не излегуваат од морето, посоодветен е спрејот зошто обезбедува 80- минутно дејство. Двата производа ја штитат кожата како од UVA, така и од UVB зраците.

Долготрајната заштита е искомбинирана со алое вера за хидратирање и смирување на жедната и вжештена кожа. Ја хидратира и го заштитува тенот подолго време, и го одложува нејзиното избелување.




Што повеќе може да посакате од високо квалитетни производи за заштита од сонце, кои ќе ве заштитат додека се забавувате под летните зраци.

### Лосион за заштита од сонце со Алое Вера (код: 199)

Освен ризикот од горење, долгото изложување на сонце ја суши кожата и може да предизвика нејзино пукање и белење. Имено затоа нашиот лосион за заштита од сонце со алое силно се издвојува од останатите слични производи на пазарот. Смирувачките и навлажнувачки квалитети на овој сатенски лосион се должат на чистиот, стабилизиран гел од алое вера, на кој се додадени останатите состојки.

### Заштитен спреј за сонце со алое (код: 319)

Доколку планирате одмор на море со децата, не пропуштајте да ставите во куферот заштитен спреј за сонце со алое на ФЛП. Освен што има подобра водоотпорност, тој има уште една предност, а тоа е што многу полесно се нанесува од кремот. Секој родител кој се обидел да го намачка нетрпеливото и разиграно мало дете кое нетрпеливо чека да влезе во вода, ќе ја согледа предноста на овој производ. Високиот фактор 30 со сигурност ќе го заштити целото семејство.

### Алое вера желе (код: 061)

Доколку без да сакате веќе сте претерале со игрите на сонце и сте изгореле, не се тревожете. Нашиот стабилизиран гел од алое вера ќе ја олесни и ублажи чувствителната, затегната и изгорена кожа. Овој проширен гел секогаш нека ви биде при рака за да бидете подготвени за секакви кожни раздразнувања. Тој не остава дамки на облеката, длабоко продира во кожата за да ја смири и хидратира.



# Осмелете сè да сонувате

*Gregg Maughan, Претседател на ФЛП*

Пред една година се осмелив да сонувам дека ќе собереме 20000 луѓе на Глобалното рели 2014. Тогаш некои мислеа дека полудувам, а други ме сметаа за премногу амбициозен... но имаше и такви кои знаеа дека прогнозата ми е точна. Последните беа во право и ние навистина тоа го постигнавме! Тешко ми е да го опишам чувството да застанеш пред таква огромна публика од неверојатни луѓе, дојдени од сите страни на светот кои се собраа со една заедничка цел – да постигнат личен успех, помагајќи им на другите да успеат.

За што вие се осмелувате да сонувате?За финансиско наградување со кое ќе ги исплатите долговите, да заштедите за нова кола или за пензија? Можеби сакате да го промените стилот на живот, да патувате повеќе, да се храните во фини ресторани или да уживате во повеќе забава со семејството? Кои и да се вашите копнежи, јас ве поттикнувам „Сонувајте смело!“Никогаш не дозволувајте мислењето на „некои луѓе“ да ве запре да ги исполните своите соништа... Јас тоа го постигнав, вие исто така можете.

Тука во централната канцеларија денонокно работиме, за да ви обезбедиме сè што е потребно за да постигнете успех во вашиот Форевер бизнис. Го усовршивме каталогот на производи и го дополнивме со новите артикли и пакети, кои не само што ќе го олеснат изборот на производи за лична употреба,туку и ќе ви помогнат да ја споделите можноста со леснотија.

Инвестиравме сериозни средства во дигиталните алатки за вашиот бизнис помеѓу кои веќе се iOS апликацијата Discover Forever, како и системот за управување на бизнисот ФЛП360. И двете ќе ви бидат многу корисни и ќе го зголемат квалитетот на вашите бизнис презентации и целокупната работа.

Направивме значителни инвестиции и во производните капацитети од светски ранг- Forever Nutraceutical и Aloe Vera of America.Тие ги оптимизираат трошоците и истовремено гарантираат непрекинати испораки за задоволување на постојано растечката побарувачка на најквалитетните производи од алое вера во светот.

И на крај инвестиравме многу и во својот магацин и дистрибутивна база во Forever Direct и други помали проекти во целиот свет. Сите тие вложувања се показател за нашата огромна желба да ја создадеме најповолната и профитабилна средина за целото семејство на Форевер. Нема сомневање дека во светот на ФЛП, работите кои нè исполнуваат со оптимизам се навистина многу.

Ви благодарам на сите што ми помагате да ги исполнам своите соништа. Сега е време да работиме заедно, за да ги реализирате и вие своите соништа. Да започнеме уште денес!









# FOREVER GLOBAL RALLY 2014





















# ВАЖНО!

Поради Маркетинг обуката во Охрид, Канцеларијата на Форевер Ливинг во Скопје, на ден **27.06.2014** ќе работи од **9** до **15** часот. Маркетинг обуката ќе се одржи на **28.06.2014** во хотел „Метропол“ Охрид. Заинтересираните дистрибутери да го пријават своето присуство во канцеларијата на Форевер Ливинг во Скопје.







## Квалификации за мај 2014

### Супервизор

Теговска Аница – Битола

### Асистент Супервизори

1. Алексовска Милена – Куманово
2. Арсениеви Галина и Младен – Делчево
3. Бојковски Сања и Виктор – Куманово
4. Георгиевски Даниел и Елена - Куманово
5. Додевска Билјана – Куманово
6. Илоски Елеонора и Миле – Битола
7. Ивановски Темјана и Влатко – Скопје
8. Ивановска Верица – Скопје
9. Јакимовски Убавка и Тошо – Велес
10. Крстевска Цветанка – Битола
11. Митеви Славче и Надица – Штип
12. Младеновска Вилиана – Куманово
13. Попова Елена – Гевгелија
14. Станковиќ Др.Снежана – Куманово
15. Стојановски Цвете и Ице – Битола
16. Тодоровска Лилјана – Скопје
17. Цоневи Даниела и Јорданчо – Делчево
18. Чапарова Стојановска Јулијана и Стојановски Љупчо – Битола
19. Штерјови Лилјана и Салтир - Штип

## НОВО!!!НОВО!!!НОВО!!!

### ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.

Трошоци за доставa се следни:

- До 5 кг плаќате 210 ден за услугата достава до вашиот дом.
- Над 5 кг плаќате 260 ден за услугата достава до вашиот дом.

## Квалификации за мај 2014

### ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Дончо Ѓорѓиев
3. Вера Златковска
4. Др.Марија Паспаловска
5. Валентина Крмова
6. Славица Донакова
7. Катерина Трајчевска
8. Елена Патриклиска
9. Др.Снежана Контра
10. Слафко Михајловски

### ТОП 10 - Вкупен обем

1. Др.Роза Гелевска
2. Слафко Михајловски
3. Блага Крстеска
4. Др.Снежана Контра
5. Славица Донакова
6. Катерина Трајчевска
7. Вера Златковска
8. Дончо Ѓорѓиев
9. Валентина Крмова
10. Др.Марија Паспаловска

# ПРОМОЦИЈА!!!

Секој Дистрибутер и Ас.Супервизор кој ќе има порачки во вкупна вредност од најмалку 1 бод на личен код во јуни добива маица Форевер.

Секој Супервизор, Ас.Менаџер и Менаџер кој ќе има порачки во вкупна вредност од најмалку 2 бода на личен код во јуни добива маица Форевер.

Напомена: **следува само по 1 маица на 1 дистрибутерски код, независно од бројот на бодови на личниот код.**

Количините се ограничени!





**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**

**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


**Следете нè на facebook Flp Macedonia за да бидете во тек со актуелните Алое денови и настани.**